Програма за децентрализирана соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Македонија
Канцеларија на проектот во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Женевска бб, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 00 389 2 306 59 32
http://crbn-mk.courriers.info

# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

http://crbn-mk.courriers.info/francais







Бр.4 • јуни, јули, август 2011 • издание на македонски •

ИНФОРМАТОР



## Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија



Децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2006 година. Се работи за единствена соработка каде еден француски регион соработува со држава, Македонија. Во срцето на проектот е локалната власт имајќи ги како институционални партнери регионалниот совет на Долна Нормандија и Министерство за локална самоуправа на Македонија. Оваа институционална соработка се состои од акциона програма спроведувана од страна на француски и македонски партнери. Првичната програма е замислена за три години (2007-2010 година), но таа продолжува и во наредните три години (2011-2013). Финансиски поддржан од страна на Министерството за надворешни и европски работи на Франција.



## Активности и учесници

Проектот има за цел да ги анимира двете територии, Долна Нормандија и Македонија, преку шесте теми на соработката. Иако се работи за институционална соработка, активностите од проектот се групирани во 6 дела спроведувани од француско-македонски „тандем организации“. Целта е да вклучат сè поголем број граѓани и организации на повеќе нивоа: државни иституции, здруженија на граѓани, професионални комори, медиуми итн., за да се одговори на потребите на двете територии. Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности.



## Соработка на општините: пат кон европско граѓанство

Најзначаен резултат од претходните години на проектот се договорите за соработка меѓу општини од Македонија и Долна Нормандија. Директната соработка на локалните власти дава можности за средби на граѓаните од Франција и Македонија со цел да се зајакне чувството за европски идентитет и граѓанство.



© Emmanuel Luce

## Цели

Оваа соработка е резултат на заеднички напори на Македонија и на Долна Нормандија да ги отворат нивните територии кон светот и да ги поттикнат нивното население во активно граѓанство на локално и Европско ниво преку реципроцитет и размена. Проектот има за цел да го да го придружува процесот за влез во Европска Унија и спроведувањето на европското право. Програмата цели кон зајакнување на доброто локалното владеење во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на локалното население, како и кон разменување на добри практики и искуства. Главните цели на проектот е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација, да го поттикнат учеството на граѓаните и да помогнат во остварување на одржлив развој.



# ШЕСТ ОСКИ НА СОРАБОТКА

## 1

**Дигитални технологии и медиуми**

Обука и употреба на нови технологии за подобро локално владеење

- Регионален совет на Долна Нормандија - Долна Нормандија
- Метаморфозис - Македонија

## 2

**Млади, локално и европско граѓанство**

Развој на локални младински политики

- Европска куќа од Каен - Долна Нормандија
- Коалиција на младински организации СЕГА - Македонија

## 3

**Попис на културно наследство**

Методологија за попис на културно наследство

- Национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори - Франција
- Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство - Македонија

## 4

**Културни политики**

Зајакнување на капацитетите на локалните власти во областа на културата

- Регионален центар за култура, етнологија и техника (CRéCET)- Долна Нормандија
- Локомотива - Македонија

## 5

**Културно наследство и одржлив туризам**

Поддршка и промоција на одржливиот туризам

- Умешност и познавање (Savoir-Faire et Découvertes) - Долна Нормандија
- Центар за институционален развој (ЦИРа) - Македонија

## 6

**Развој на земјоделството**

Зајакнување на мрежата на фармери за развој на одржливо земјоделство

- Француски земјоделци за меѓународен развој (AFDI) - Долна Нормандија
- Федерација на фармери на Република Македонија - Македонија

# Збратимување на градови

Датум : : 29 јуни – 02 јули ; 05 – 08 јули; 21 – 28 август | Места : Дебар; Струга; Берово

## Зајакнување на врските меѓу градовите од Долна Нормандија и Македонија

***Збратимувањата на градовите, како дополнителна оска на децентрализираната соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Македонија, ова лето ги зајакна постоечките врски, но воспостави и нови. Имено, македонските градови Дебар, Струга и Берово беа домаќини на општинските делегации од Ив, Вистреам и Ливаро.***

Градовите **Ив** и **Дебар** во периодот од 29 јуни до 02 јули работеа на зајакнување на својата соработка во доменот на културата. За време на тро-дневната посета во Дебар, француската делегација од Ив присуствуваше на голем број културни манифестации меѓу кои и фестивалот на албански театар. Официјалните претставници на двата града ги разменија своите искуства и дискутираа за културата како важна компонента во идната соработка.

Во Струга пак, освен за културата се разговараше и за младите но и за животната средина. Од 5 до 8 јули, официјалните претставници на **Вистреам** и **Струга** одново ја утврдија својата соработка и ги зајакнаа врските на повеќе заеднички полиња, меѓу кои и фестивалите на литература, природните музеи, итн.

Во знакот на културата беше и последната посета за ова лето, од 21 до 28 август. **Берово** ја пречека делегацијата на **Ливаро**, каде во текот на седумте работни дена се разговараше за идна соработка и културна размена помеѓу овие две општини. Во прилог на тоа, двете страни дискутираа за утврдување на идниот акционен план и подготовки за потпишување на декларации за соработка. Претставниците од Ливаро исто така имаа можност да присуствуваат на беровскиот етно фестивал на кој освен со музиката гостите се запознаа и со традиционалната македонска кујна, значаен дел од овој фестивал.



Датум : 25-29 јули | Места : Ерманвил-сур-мер, Ив (ДН)

## Претставници од Вевчани и Дебар ја посетија Долна Нормандија

Во рамките на соработката на градови од Долна Нормандија и Македонија, претставници на општините Вевчани и Дебар ги посетија нивните збратимени градови Ерманвил и Ив.

Целта на оваа физибилити студија е поблиску запознавање со проектите на ЕУ за младинска размена и подготовка на проект и програма за спроведување на активност од тој вид преку програмата „Млади во акција". Реализацијата на таа активност е предвидена за 2012 година.

Ерманвил и Вевчани во почетокот на оваа година потпишаа конвенција за соработка, каде размената на млади и кадар е една од клучните точки на нивната соработка. Успешната реализација на оваа посета е резултат на нивната заедничка иницијатива и работа.

Датум : **3-8 јули**
Место : **Југозападен регион на Македонија (Охрид, Струга, Кичево, Вевчани, Другово...)**

# Претставници на туризмот од Долна Нормандија го посетија југозападниот регион на Македонија

Во периодот од 3—8 јули, претставници од областа на туризмот од регионот Долна Нормандија го посетија југозападниот регион. Делегацијата од Долна Нормандија се сретна со повеќе претставници од областа на туризмот во Македонија.

За време на состаноците македонската и француската страна разговараа за можни соработки во оваа област, но и посетија многу локации со туристички потенцијал во југозападниот регион. Оваа работна посета овозможи да се одредат можните чекори за соработка во неколку туристички домени, како што се капацитетите за сместување, културното наследство итн. Француската делегација оцени дека нормандиското искуство би можело да допринесе за зајакнување и развој на туризмот во целиот југозападен регион, а особено во посетените градови и општини: Охрид, Струга, Кичево, Вевчани, Другово и Манастирец.


Состанок во просториите на Факултетот за туризам - Охрид

ОСКА 1

Датум : **7 - 8 јули**
Место : **Каен, ДН**

# Правници, политиколози, социолози и експерти во информатичката технологија ги анализираа "сајбер-просторот и човековите права"


Фотографија: Меѓународен институт за човекови права и мир

Во Долна Нормандија се одржа семинар во соработка со меѓународниот институт за човекови права и мир за користењето на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) за зајакнување на демократските практики. Една од целите на семинарот беше и да се анимира мрежата на мултилатералната програма за децентрализирана соработка Франција/Балкан околу темите за информирање на граѓаните преку медиумите, со помош на ИКТ. Имено, минатата година регионалниот совет на Долна Нормандија зема активно учество во мултилатералната децентрализирана соработка помеѓу Франција и балканските земји. Токму во рамките на таа соработка, се одржа семинарот „Сајбер-простор и човекови права" во Каен.

На семинарот учествуваа околу триесет експерти од Франција и од земјите на Западниот Балкан, каде имаа можност да разговараат за основите и залагањата во оваа област. Имено, на семинарот се дискутираше за лошата и добрата страна на новите технологии во глобална смисла, како и за нивното влијание врз човековите права. Како дел од семинарот, на 7ми и 8ми јуни се одржа и се работилница, на заедничка покана од Франција/Балкан, Метаморфозис, регионалниот совет на Долна Нормандија, регионалниот совет на Оверњ, АЛДА и Меѓународниот институт за човекови права и мир.

Во попладневните часови на 8ми јуни, поканетите експерти одржаа јавна конференција на која се изнесоа заклучоците од изминатите средби. Овој настан успеа да воспостави трајна мрежа на француски и балкански експерти, која по пат на редовни средби ќе има можност потемелно да дискутира и анализира теми од различни области.

ОСКА 2

Датум : **14-15 јуни**
Место : **Прилеп**

# Размената на искуства – можност за отворање на младински инфо центри во Македонија

Во организација на коалицијата СЕГА, во Прилеп се одржа конференција на тема „нови предизвици во младинското информирање". На семинарот одржан во периодот од 14 - 15 јуни, земаа учество 15 претставници на локални самоуправи од Македонија, 3 претставници од Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА - Прилеп, еден претставник на Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување - ERYICA, како и двајца претставници од регионот на Долна Нормандија - Франција. Меѓу учесниците беше и градоначалникот на општина Прилеп, кој им се обрати на посетителите поздравувајќи ја иницијативата за повеќе младински центри во Македонија, истакнувајќи ја можноста за развивање на проекти со цел подобрување на животот на младите.

Посетителите имаа можност да ги споделат своите искуства и добри практики од функционирањето на младинските информативни и советодавни центри во Европа, но дискутираа и за важноста од воспоставувањето на механизми за младинско информирање на локално, регионално и национално ниво.

Со цел промовирање на младинското учество во информативните центри, конференцијата успешно заврши со потпишување на декларација со кои учесниците се обврзаа да дадат придонес во отворањето на младински центри во општините низ Македонија.



Отворање на конференцијата „Нови предизвици во младинското информирање"

Датум : **19-20 август**
Место : **Струмица**


Посета во Општина Струмица

# Анализирани европските приоритети и потреби на младите на локално ниво

Во Ступица се одржа семинар на тема европските приоритет и потреби на младите на локално ниво со цел воспоставување соработка на локално, регионално и национално ниво меѓу младите од Долна Нормандија-Франција. На семинарот што го организира Коалицијата на младински организации „Сега" во соработка со „Европска куќа" од Каен присуствува претставници на петнаесет општини од Македонија.

Учесниците имаа можност да разговараат за начините на спроведување на политиките на младите од страна на општините и можноста за младите да го зголемат своето учеството во развојот и работата на општините. Преку воспоставувањето на врски и споделувањето на искуствата од Франција, но и од Македонија во насока на поддршка на младите во општините, присутните се запознаа со искуствата за актуелните младински политики од двете земји.

Гостите од Долна Нормандија ја посетија и општина Струмица каде со нејзините претставници ги идентификуваа можностите за подолгорочна соработка. Една од нив е и размената на ученици од повеќе профили за која веќе постои интерес од двете страни.

ОСКА 3

Датум : **25 јуни – 2 јули**
Места : **Велес, Штип, Берово, Куманово и Кратово**

# Конкретни мерки за заштита на архитектонското наследство

Во организација на Општина Велес како седиште на Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство, на 29 јуни годинава, во просториите на општината се одржа Конференција посветена на архитектонското наследство. Во присуство на стручни лица од работните групи во општините Велес, Штип, Берово, Куманово и Кратово, претставници на Управата за заштита на културното наследство, Националниот конзерваторски центар и Архитектонскиот факултет во Скопје, делегација на Француската национална асоцијација на градови со историја и уметност и заштитени зони и сектори ги презентираше своите впечатоци од досегашните проектни активности, како и плановите за развој на проектот. Во името на Општина Велес делгацијата ја поздрави Заменик-градоначалникот Петре Саздов кој го нагласи значењето на проектот. „Нашата денешна средба во Велес е потврда дека билатералната соработка со Регионот Долна Нормандија на планот на заштитата на архитектонското наследство ја преточивме во вистинска размена на искуства што верувам допрва ќе придонесат за развојот на нашите градови", рече Саздов. Членовите на француската национална ацоцијација ја потенцираа важноста од преземањето на конкретни мерки во македонските општини со цел да се спречи деградацијата на архитектонското наследство и да се изградат капацитетите на општините за грижа за староградската архитектура. Своите искуства од проектот ги презентираа општините Штип, Берово и Велес каде петчлената делегација од Франција оствари средби со работните групи. Во текот на престојот во Македонија, делегацијата работеше и во градовите Куманово и Кратово, членки на Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство. Работната група во Велес која ја сочинуваат вработени во општината и народниот музеј како и надворешни соработници –архитекти до 20 јули годинава треба да работи на конкретен проект за заштита на архитектонското наследство. Резултатите од овој и предложените проекти од сите 5 општини ќе бидат презентирани  на следната конференција што во почетокот на септември ќе се одржи во во Каен, Долна Нормандија.



Француската делегација во Македонија

ОСКА 4

Датум : **27 јуни - 01 јули**
Место : **ДН**

# Работилница и обука за стратегиско планирање и интернационализација на културните институции во Долна Нормандија

Од 27 јуни до 01 јули 2011 година, во рамките на оската за Културна политика и културна размена се реализираше работна посета на Долна Нормандија (Каен и неколку градови од „Земјата на заливот Сен Мишел”).

Осум-члената група од Македонија, која учествуваше во оваа посета беше составена од претставници на Локомотива, Центарот за регионален развој на Пелагонискиот плански регион, општина Крушево, независен граѓански сектор активен во доменот на култура кој работи на територијата на Пелагонија итн.

Со цел запознавање со географските специфики, историјата, културата и територијалниот идентитет на „Земјата на заливот Сет Мишел” посетата опфати различни културни и природни локалитети. Се посетија и неколку културни институции во кои се претстави начинот на работа како и начинот на организација, програмско уредување и развој на културата на оваа територија.

Покрај запознавањето со територијалниот и културен контекст на „Земјата на заливот Сет Мишел” на отворена дискусија одржана на 29 јуни во Екомузејот на градот Венс, македонските претставници го презентира моделот на работа воспоставен во Пелагонискиот регион и резултатите од реализираната работилница во Битола, за креирање и спроведување на Регионална стратегија за културен развој. Главната цел на овие презентации и размена на информации е вклучувањето на „Земјата на заливот Сет Мишел”, како партнер на проектот во Долна Нормандија, по примерот на регионот Пелагонија во Македонија.

Во рамките на посетата се реализираше и средба на градоначалникот на Крушево со Претседателот на заедницата на локални самоуправи - Сент Жамс, на која се разговараше за различни области од јавен карактер кои се важни за развојот на двете територии, со цел да се пронајдат основните домени на заеднички интерес во кои може да воспостават соработка, како идни потенцијални побратимени заедници.



Прием во Екомузејот на градот Венс

ОСКА 5

Датум : 4-8 јули
Место : ДН

## Обука и размена на искуства за употреба на природни материјали во реновирање на традиционалната градба


Подготовка на природните материјали

Во периодот од 4ти до 8ми јули, француски и македонски професионалци и експерти во областа на реставрација и реновирање на традиционалните градби, организираа обука во Пон Фарси, во Долна Нормандија. Обуката беше организирана од страна на Savoir Faire et Découverte во рамките на техничките активности со ЦИРа. Групите на експерти, студенти и ентузијасти ги разменија своите искуства во градењето со природни материјали. За време на седум дневната обука, работилниците секојдневно завршуваа со кус состанок за здобиените знаења, искуствата и импресии од поминатиот работен ден.

обуката се работеше со природни и земјени материјали, што претставуваше одлична можност да се откријат и разменат вештините за изградба на традиционален начин меѓу македонските и француските експерти. Целта на обуката е подигање на свеста на учесниците од двете територии за важноста на одржувањето и реконструкцијата на традиционалната градба и создавање на техники со цел младите да инвестираат професионално во овој домен. На тој начин, збогатувањето на знаењето и кај двете страни, но и споделувањето на искуствата и вештините со сите заинтересирани кои присуствуваа на оваа четири дневна обука, им овозможи примена на истите во своите земји.

Преку конструктивната методологија создадена од страна на обучувачите и експертите од двете земји, се стекнаа нови знаења и практики за техниките на градба и реконструкција на традиционалните градби, преку употреба на камен, земја, дрво и останати еколошки материјали.

ОСКА 6

Датум : 25 јули
Место : Гостивар

## Зајакнување на капацитетите на сточарите за рентабилност и долгорочност на млечното производство

Обука за водење на сметководствената евиденција на фарма, што ФФРМ како нов пакет на услуги ги нуди за своето членство, се одржа во јули во Горна Бањица за претставници на Здружението на одгледувачи на крави „Вардар» од Гостивар.

Интенцијата за спроведување на сметководствената евиденција на производствените трошоци, резултати и приходи на фарма произлегува од потребата да се има увид колку чини производството на одреден производ. Преку сметководствената евиденција фармерите ќе можат да обезбедат рационално, ефикасно и профитабилно менаџирање, ќе можат да ги планираат идните активности и употребата на современи техники за намалување на трошоците. Начин да имаат историја на работењето –документ со којшто може да се потврди успешноста на работењето (а документираните податоци да ги користат за аплицирање за средства од банките и фондовите-ИПАРД). База со која ќе учествуваат во градењето на ефикасна стратегија за поддршка на фармерите и секако ќе имаат документибаза за силно лобирање и јака преговарачка позиција врз основа на реални податоци.

Членовите на ЗОК „Вардар» имаа можност и практично со помош од претставниците од ФФРМ да започнат да ги пополнуваат тетратките за евидентирање на имотот со кој располагаат и да ги забележат трошоците за процесот на производство и ангажирањето на работната рака, како и приходите од пласираните производи по одреден месец. На овој начин, претставниците на ФФРМ веруваат дека ги симнаа табуата и тешкотиите околу водење на сметководствената евиденција.


Обука во Гостивар

## ОСКА 1

Датум : **септември 2011**
Место : **МК**




# Пракса за пишување и уредување веб-содржини за Македонија

Во рамките на соработката помеѓу регионот Долна Нормандија и Македонија, фондацијата Метаморфозис објави јавен повик за практиканти кои сакаат да стекнат нови компјутерски вештини за објавување веб содржини и со тоа да допринесат во збогатувањето на информациите за својот град на интернет. Повикот е насочен кон студентите на факултетите за новинарство, политички науки, туризам, етнологија, археологија, историја, филологија и др. но и кон сите оние кои сакаат да научат и да го усовршат своето знаење од оваа област.

По обуката, практикантите ќе се стекнат со знаења за објавување и уредување на содржини на вики-платформата (wiki.mk). Напредните корисници ќе имаат можност да се вклучат во специјалната група администратори на веб-порталите на градовите.

Употребата на вики-платформата веќе е активна на интернет со вики-порталите за градовите Скопје, Велес и Дебар.

## ОСКА 3

Датум : **6 септември**
Место : **Каен**

# Конференција по повод заштита и вреднување на урбаното наследство

Француската национална асоцијација на градови со историја и уметност и заштитени зони и сектори во партнерство со регионалниот совет на Долна Нормандија, во рамките на третата оска на соработката, организира регионална и меѓурегионална средба на тема „Заштитена зона на архитектонското наследство, урбанизам и пејзаж – управување со урбаното наследство“.




Оваа работна средба има за цел да предложи начин за преглед на ситуацијата и политиките за урбаното наследство во Франција и Македонија и да обезбеди алатки со чија помош ќе се остварат конкретни активности за реформирање на овие дејности. Воедно, учесниците ќе разговараат и за воспоставување на заштитени подрачја, нивното управување и потпора во правна и финансиска смисла.

Овој ден на обука и дискусија е насочен кон претставниците од локалните заедници и самоуправи на Долна Нормандија, Горна Нормандија, Централниот регион и Земјите на Лоар, како и на македонските градови со историско наследство.

ОСКА 6

Датум : 15-24 септември
Место : МК

## Француски млеко-производители во посета на Македонија

Француски фармери ќе ја посетат Македонија во септември со цел да работат на техничките прашања во производството на млеко. Во рамките на посетата ќе бидат организирани повеќе средби и обуки од оваа област.

Освен предвидените средби со четирите пилот-групи од териториите на Тетово, Гостивар, Ресен и Берово, француските млеко-производители ќе го посетат и југозападниот дел на Македонија, односно земјоделските кооперативи и млеко-производители од овој регион.



Датум : 12-15 септември
Место : Охрид

### Соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија

## Годишен управен одбор во Охрид



Годишниот управен одбор на програмата за соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија ќе се одржи во периодот од 11ти до 16ти септември, во Охрид. За време на средбата македонските и француските партнери ќе имаат можност да ги сумираат резултатите од последните четири години од соработката, а истовремено ќе дискутираат за активностите и новитетите во програмата предвидени за следната година.

За време на петте работни дена поделени во повеќе етапи, партнерите и координаторите ќе ги анализираат одделно сите оски со цел да ги согледаат можностите и предизвиците за 2012 година.

Средбите ќе им овозможат на партнерите да ги изразат своите импресии и идеи за иднината на соработката и да ги разгледаат приоритетите за следната година како што е поддршката на регионалниот развој и на општините, развојот на соработката на Балканот и воспоставување врски со земјите од Балканот, а новина на овој состанок ќе биде и вклучувањето на малцинските групи во активностите.

Управниот одбор ќе го отвори директорот на одделението за европски прашања и меѓународни односи во регионот Долна Нормандија, г-дин Александар Фоло и шефот на одделот за културна активност и соработка при француската амбасада во Скопје, г-дин Жан-Ив Лавоир.